Телефон: +38946511000
Факс: +38946511567
www.uist.edu.mk

Партизанска бб.
6000 Охрид
Република Северна Македонија

Бр. 15-312
Охрид. 9.5 2025 год.

Врз основа на член 110 став 1 точка 8, член 166, член 175 став 1 од Законот за високото образование („Службен весник на Република Македонија“, бр. 82/2018) и („Службен весник на Република Северна Македонија“, бр.154/2019, 178/2021 и 58/2024) и член 37 од Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, наставно-научниот совет на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, на седница одржана на ден 09.05.2025 година ја донесе следната

О Д Л У К А
за избор во наставно- научно звање вонреден професор

1. СЕ ИЗБИРА д-р Расим Салкоски во наставно – научно звање вонреден професор од научна област Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника при Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид, за време од 5 (пет) години.
2. Одлуката стапува на сила наредниот ден од денот на нејзиното донесување.

О б р а з л о ж е н и е

Универзитетот за информатички науки и технологии ,,Свети Апостол Павле” Охрид распиша јавен конкурс, арх. бр. 04-316/1 од 28.03.2025 година, за избор на наставник во сите наставно-научни звања од научна област Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника, кој беше објавен во дневните весници „Вечер“ и „Коха“ на ден 28.03.2025 година, согласно одлука за распишување конкурс, бр. 15-22/1 од 24.03.2025 година.

На конкурсот за избор на наставник од научна област Компјутерски технологии и инженерство (2.02.00.14) се пријави д-р Расим Салкоски.

Во согласност со член 173 од Законот за високото образование наставно-научниот совет на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална, мултимедијална и анимациска техника со одлука бр. 15-24/2 од 10.04.2025 година, именува рецензентска комисија во состав:

- **Проф. д-р Атанас Христов,** редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитет за информатички науки и технолгогии „Св. Апостол Павле" Охрид - претседател на комисија
- **Проф. д-р Нинослав Марина,** редовен професор на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технолгогии „Св. Апостол Павле" Охрид - член на комисија;
- **Вонр. проф. д-р Анета Велкоска,** вонреден професор на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технолгогии „Св. Апостол Павле" Охрид – член на комисија

Рецензентската комисија достави реферат арх. бр. 04-354/2 од 23.04.2025 година со заклучок и предлог до наставно – научниот совет да го избере кандидатот д-р Расим Салкоски во наставно-научно звање Вонреден професор со вкупно 163.09 поени од наставно-образовна, научно-истражувачка и стручно-апликативна дејност.

Рефератот беше објавен во „Билтен бр. 2 април 2025", бр. 17-377/1 на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид, од ден 23.04.2025 година.

Членовите на наставно – научниот совет во согласност со Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни, соработнички звања и демонстратори на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле" Охрид откако ја разгледаа целокупната документација по објавениот конкурс констатираа дека се исполнети условите за избор на наставник во наставно- научно звање вонреден професор и одлучија да го прифатат предлогот на рецензентската комисија и донесоа одлука како во диспозитивот.

Декан

Вонр. проф. д-р Дијана Цапеска Богатиноска

Доставено до: Архива
Персонално досие
Д-р Расим Салкоски

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
УНИВЕРЗИТЕТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ
"СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ" - ОХРИД

Примено: 23.4.2025			
Орг. Един	Број	Прилог	Вредност
04	354/2		

РЕФЕРАТ

ЗА ИЗБОР НА ЕДЕН НАСТАВНИК ВО СИТЕ НАСТАВНО-НАУЧНИ ЗВАЊА ОД НАУЧНАТА ОБЛАСТ "КОМПЈУТЕРСКИ ТЕХНОЛОГИИ И ИНЖЕНЕРСТВО (2.02.00.14)" НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ СИСТЕМИ, ВИЗУЕЛИЗАЦИЈА, ДИГИТАЛНА МУЛТИМЕДИЈАЛНА И АНИМАЦИСКА ТЕХНИКА, ПРИ УНИВЕРЗИТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И ТЕХНОЛОГИИ „СВЕТИ АПОСТОЛ ПАВЛЕ "– ОХРИД, РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Со одлука бр. 15-24/2 донесена на седница на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника, при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле", Охрид (УИНТ) одржана на 10.04.2025 година, а врз основа на конкурсот за избор на наставник објавен на ден 28.03.2025 година во дневните весници Вечер и Коха, се формира Рецензентска комисија за избор на 1 (Еден) наставник во сите наставно-научни звања, во научна област "2.02.00.14 - Компјутерски Технологии и Инженерство" во состав:

- **Проф. д-р Атанас Христов,** редовен професор на Факултетот за информатички и комуникациски науки при Универзитет за информатички науки и технолгогии „Св. Апостол Павле" Охрид - **претседател на комисија**
- **Проф. д-р Нинослав Марина,** редовен професор на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технолгогии „Св. Апостол Павле" Охрид - **член на комисија**;
- **Вонр. проф. д-р Анета Велкоска,** вонреден професор на Факултетот за комуникациски мрежи и безбедност при Универзитет за информатички науки и технолгогии „Св. Апостол Павле" Охрид **– член на комисија**

По разгледувањето на пријавите и поднесената документација, Рецензентската комисија на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника, при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле ", Охрид, му го поднесува следниот

И З В Е Ш Т А Ј

На објавениот конкурс во дневните весници Вечер и Коха, за избор на еден наставник во сите наставно-научни звања, во научна област "2.02.00.14 - Компјутерски Технологии и Инженерство", со валидна пријава и квалификации, согласно општите услови утврдени со Законот за работните односи, Законот за високото образование и Правилникот за критериумите и постапката за избор во

наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања на на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид, како и посебните услови утврдени во Конкурсот за избор на наставник во сите наставно-научни звања, се пријави еден кандидат и тоа:

1. д-р Расим Салкоски

1. Д-р Расим Салкоски

Кандидатот д-р Расим Салкоски со пријавата ги приложил сите потребни документи наведени во конкурсот, како и дополнителни документи со кои ги потврдува неговите научно/истражувачки, образовни и апликативни активности.

Врз основа на поднесената пријава, како и според приложените документи, Рецензентската комисија го констатира следново:

БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ

Д-р Расим Салкоски е роден на 22.11.1958 во Струга, Р.Северна Македонија. Основно и средно образование со одличен успех ги завршува во Струга. Во академската 1977/1978 се запишува на Електротехничкиот факултет насока Електроиндустрија при Универзитетот „ Кирил и Методиј'' Скопје, Р. Македонија. Студиите на Електротехничкиот факултет насока Електроиндустрија ги завршува во редовен рок со просечена оцена 9.04 (на скала до 10). Дипломската работа со највисока оцена 10 ја одбранува на 19.05.1982 и се здобива со звање "Дипломиран електротехнички инженер".

Пред запишување на магистерски студии минува во индустријата како Инженер проектант на трансформатори во фабрика за трансформатори на ЕМО, Главен инженер во фабрика за трансформатори на ЕМО, Раководител на Сектор за развој во фабрика за трансформатори на ЕМО, директор на фабрика ЕМО Трансформатори и Раководител на Сектор за развој во фабрика за трансформатори на ЕМО.

Во меѓувреме 1998 година се запишува на две годишни магистерски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Р. Македонија. Студиите ги завршува во редовен рок со просечена оцена 10.0 (на скала до 10). Во 2000 година со највисока оцена ја брани магистерската теза и се стекнува со научно звање „Магистер по електротехника - MSc“. До 2009 година кога поминува во академска средина минува како директор и главен инжинер за развој во трансформатори на ЕМО. Во 2009 година станува редовен асистент на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“ Охрид.

Од 2011 запишува докторски студии на Факултетот за електротехника и информациски технологии при Универзитетот „ Св. Кирил и Методиј'' во Скопје, Р. Македонија. На 4.04.2018 година се стекнува со звањето Доктор на технички науки, по успешната одбрана на докторската дисертација на тема „Евристички алгоритам

за мулти-критериална оптимизација на енергетски објекти"(Heuristic algorithm for multi-criterion optimization of energy objects).

Во Септември 2009 година кандидатот е избран за Соработник во областа "Компјутерски науки" при Универзитетот за информатички науки и технологии во Охрид. Во 2012 година кандидатот е избран во втор мандат за соработник при наведениот Универзитет. Во периодот од 2009 до 2020 година и денес кандидаот учествува во организирање на наставниот процес при Универзитетот во Охрид.

Успешно реализиран грант, Септември 1999 година на ФЕИТ, добитник на Златна плакета на изложбата на пронајдоци и технички унапредувања, нови производи МАКИНОВА 1992, 1995, 1999 година а на истата изложба МАКИНОВА Септември 1998 година ја добива највисоката државна награда ГРАН ПРИ.

Од почетокот на својата научна карирера, кандидатот учествувал во развој, проектирање, конструкција, пишување технологија, производство и испитување на енергетски објекти во светски признати независни акредитирани лаборатории со што извршил верификација и валидација на неговата истражувачка работа во примена на информатичките технологии во електроиндустријата.

Воедно кандидатот има објавено и неколку трудови во меѓународни научни списанија од областа на компјутерските науки. Д-р Расим Салкоски како постојан член на комитетот МАКО СИГРЕ објавува неколку трудови од областа на проектирање и конструкција на трансформатори и реактори.

Од 2020 до 2024 посебно се истакнува неговиот ангажман на втор циклус студии од областа на процесирање на слики кое резултираше со неколку трудови на меѓународни конференции како и учество во национални проекти како програмер и експерт на програмабилни логички контролери.

Треба да се истакне и неговото учество на проектот за дигитализација на процесот на сушење на активни делови во сушара 2024 година, финасиран од Министерство за економија и труд на Република Северна Македонија.

НАСТАВНО-ОБРАЗОВНА ДЕЈНОСТ

Од самото основање на Универзитетот во 2009 па се до 2020 година, кандидатот работи како Соработник во областа компјутерски науки, каде држи вежби по повеќе предмети. Од 2020 година, кандидатот е избран во звањето Доцент, при што држи предавања и вежби по повеќе предмети.

Во изминатите 5 години, кандидатот на УИНТ држел предавања и вежби на прв циклус студии по следните предмети:

1. Физика
2. Интеракција човек-компјутер
3. Мултимедиа информационен систем
4. Мултимедиа
5. Теорија на оптимизација
6. Теорија на електрични кола
7. Дизајн на кориснички интерфејс
8. Вовед во електрични кола

9. Вовед во обработка на мултимедиски податоци
10. Програмибилни логички управувачи
11. Дигитално процесирање на сигнали и слика
12. Вовед во обработка на мултимедиски податоци/ Обработка на мултимедиски податоци
13. Физика/ Компјутерска симулација во Физика

Во изминатите 5 години, кандидатот на УИНТ држел предавања и вежби на втор циклус студии по следните предмети:

1. Математичко програмирање
2. Технологии на процесирање на слика
3. Методи на оптимизација
4. Дистрибуирани системи
5. Развојно - истражувачки методи во науката и инженерството
6. Напредни дистрибуирани системи
7. Автоматска верификација

Кандидатот, во извештајниот период, учествува во три комисии за оценка и одбрана на дипломски работи како член.

Д-р Салкоски учествува во креирањето на Силабуси за наставни програми и соодветни предмети за постдиплоски студии на Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле “, Охрид. Дополнително учествува и во Универзитетски комисии за самоевалуација, спроведување на студентски избори, за упис на нови студенти, отворање на досиеа на студенти, издавачка дејност, председател на комисија за реакредитација на студиска на програма на Факултетот за информатички системи, визуелизација, дигитална мултимедијална и анимациска техника и други.

Член на Сенат и член на Универзитетска комисија за избор на Ректор 2024 при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид како и председател на Сенат при Универзитетот за информатички науки и технологии „Свети Апостол Павле“, Охрид 2023 и 2024 година.

Од самото основање на УИНТ, кандидатот активно учествува во повеќе промотивни активности за афирмација на Универзитетот.

НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКА ДЕЈНОСТ СО СПИСОК НА НАУЧНИ И СТРУЧНИ ТРУДОВИ

Од самиот почеток на академската кариера кандидатот интензивно се бави со научно/истражувачка дејност и како резултат на тоа објавува повеќе трудови на меѓународни научни конференци и списанија од полето на компјутерските науки.

Во овој извештаен период, Д-р Расим Салкоски како автор или коавтор ги објавил следните трудови:

1. Труд со оригинални научни резултати, објавен во рефернтно научно-стручно списание со меѓународен уредувачки одбор

[1] *" Efficient automated software testing strategies and methods"; Marko Grabuloski †. **Rasim Salkoski** ‡. Ensar Bronja †. Anita Salkoska †; Journal of UIST, Vol. 5(No.1), March 2025.*

Во овој труд авторите го преставуваат истражувањето кое има за цел да ги формализира и систематизира автоматизираните стратегии за тестирање на софтвер, извлекување заклучоци за најефективните пристапи. Ги опфаќа клучните аспекти на тестирањето, вклучувајќи ја и неговата улога во животниот циклус на континуирана интеграција и континуирана испорака (CI/CD), стратегии за избор и користење алатки за тестирање и најдобри практики за пишување тестови и избирање сценарија за тестирање. Посебно внимание се посветува на Тест-управуван развој (TDD), фокусирајќи се на неговата флексибилна употреба како алатка за забрзување на процесот на развој на софтвер. Дополнително, опишани се методите за избор на тест сценарија, што сугерира дека инженерите прво треба да ги опфати најчестите сценарија, а потоа да ги разгледа рабовите. Формалното моделирањето на односите на софтверските компоненти е исто така истражено за да се идентификуваат најмногу ефикасни стратегии за тестирање. Целта е да се категоризираат и формализираат сите аспекти на автоматизираното тестирање на софтвер, обезбедување насоки за оптимални методологии и сугерирање пристапи за подобрување на севкупниот квалитет на софтверот

2. Труд со оригинални стручни-научни резултати, објавен во зборник на трудови од научен-стручен собир со меѓународен уредувачки одбор

[2] *"Analysis of Gender Differences in COVID-19"; I. Mitreska; O. Simonoski; **Rasim Salkoski**: Proceedings of Information and Communication Technologies Innovations 2022, Skopje, January 2023.*

Овој труд има за цел да го истражи односот и влијанието на експерименталниот дизајн помеѓу специфичното за полот Инфекции и загуби со Ковид-19. Се истражува ефикасноста на епидемиолошките податоци за пандемијата на Ковид-19 кои треба да се обезбедат зависност од возраста и половите сегменти, според глобалната здравствена заедница, но оваа спецификација која е деградирана според возраста и полот која и е речиси не пријавена. Големо е значењето за таквите информации, но, исто така, тие се од суштинско значење за населението да донесуваат правилно информирани одлуки во врска со нивниот личен ризик од болест, како и за владите да конструираат јавна политика. Да се создадат краткорочни проекции за Ковид-19 избувнувањето со текот на времето, ја поставивме следнава хипотеза: „Како ширењето на Зголемен Ковид-19, се зголемува и бројот на заразени жени ". Се го користи R Studio како интегрирана развојна средина за R за да ја потврди точноста на хипотезата. Изгледот на публикацијата ги анализира поврзаните идеи во врска со варијациите и ефектите на инфекциите со

Ковид-19 врз основа на пол и пол. Со цел да се процени евалуацијата на претставениот експериментален дизајн се користи база на податоци за да покаже дека жените доживуваат повисоки стапки на инфекција отколку машка популација. Утврдено преку пресметката на суштинските статистички вредности, дојдовме до заклучок дека машката популација има повисока стапка на смртност од женската популација.

[3] *" Surface Sampling, Vertex Manipulation and Surface Generation Based on WebGL Technologies", D. Runchevski; U. R. Shikoska;* ***Rasim Salkoski****:7th International Symposium on Multidisciplinary Studies and Innovative Technologies (ISMSIT), 26-28 October 2023, IEEE Xplore: 08 November 2023, Ankara, Turkiye.*

Во овој труд се дискутира како преку земањето примероци од површината која е моќна техника а се користи во компјутерска графика и визуелизација за собирање податоци од 3Д површини. Земањето примероци од површината е процес на собирање визуелни и тактилни информации од површини во реалниот свет да служат како референци за уметнички креации. Тоа им овозможува на уметниците да учат и анализирајте ги сложените детали на површините, како што е грубоста на кората на дрвото, мазноста на камче или суптилните варијации во модели на ткаенина. Со испитување на површините одблизу, уметниците добиваат увид во нијансите што ја прават секоја површина визуелно и текстурално различни. Решението што го развивме функционира беспрекорно и на десктоп и на мобилни уреди, користејќи го функционалности на широко користени веб-прелистувачи. Го елиминира потреба за какви било софтверски инсталации. Нашето достигнување е основано на решенија со целосно отворен код, овозможувајќи им на корисниците да истражуваат 3D модели без никакви бариери.

[4] *"Evaluating The Performance of Realesrgan for super-resolution Upscaling On the Urban100 Dataset",* ***Rasim Salkoski****, Jovan Kanevche, Blagoj Shikoski: Conference: International Applied Statistics Conference (UYIK - 2023), At: Sarajevo, Bosnia and Herzegovina, Volume: IV (p 429-438), September 2023.*

Во овој труд се дискутираат техниките за супер-резолуција (SR) базирани на длабоко учење кои последниве години се појавија како моќни алатки за подобрување на резолуцијата на слики со ниска резолуција. Меѓу овие техники, RealESRGAN има привлече внимание поради неговата способност за значително зголемување на резолуцијата на сликите додека одржува високо ниво на детал. Овој труд ги истражува перформансите на претходно обучениот RealESRGAN модел на Urban100 база на податоци, која содржи разновиден опсег на урбани слики. Преку квантитативна анализа користејќи PSNR и SSIM метрика и квалитативни проценки врз основа на визуелни инспекции, ги проценуваме моделите владеење во подобрување на резолуцијата на сликите. Покрај тоа, навлегуваме во критичка анализа на моделот способност да се справи со сложените детали присутни во

урбаните слики, како што се текстури, рабови и текст. Наодите од овој труд фрли светлина на силните страни и областите за подобрување во моделот RealESRGAN, како подлога за идните случувања во SR техниките.

[5] *"Differences in Productivity with Scrum and Kanban: A Comparative Study",* ***Rasim Salkoski;*** *B. Shikoski; J. Kanevche: International Congress on Natural, Health Sciences and Technology, University of Tetovo, May 2023.*

Овој истражувачки труд ги истражува разликите во продуктивноста помеѓу Scrum и Kanban, два широко усвоени Agile методологии во развојот на софтвер. Трудот го испитува проектот стапки на завршување, задоволство на тимот и севкупна продуктивност за да се одреди ефективноста на Scrum и Канбан. Податоците беа собрани преку сеопфатен преглед на литература, анализа на 15 Годишен извештај за агилна состојба, студии на случај, интервјуа и експертски мислења. Анализата на податоците вклучуваше употреба на описна статистика, инференцијална статистика и техники за квалитативна анализа на обезбеди сеопфатно разбирање на разликите во продуктивноста меѓу двете методологии. Со нудење увид во факторите кои придонесуваат за разликите во продуктивноста помеѓу Scrum и Kanban, овој труд обезбедува вредни насоки за организациите кои бараат оптимизирајне на нивните процеси за развој на софтвер со избирање на најсоодветниот Agile методологија за нивните проекти.

[6] *"Computational Photography Assessment: A Framework for Image Quality and Composition Analysis", Valentin Cvetanoski; Ljubinka Sandjakoska;* ***Rasim Salkoski:*** *22nd International Conference on Informatics and Information Technologies CIIT 2025; Strumica, North Macedonia; April 2025*

Овој труд воведува Професионален фото-аналитичар, рамка во која се интегрира техничка проценка на квалитетот, анализа на составот и контекстуализација на метаподатоци за да се одговори на предизвиците на техничката изолација, композициска субјективност и тек на работна фрагментација. Пресметувачката фотографија која еволуираше од раните дигитални подобрувања во обработката на слики управувана од вештачка интелигенција. И покрај тој напредок, останува празнина во автоматизираните алатки за оценување фотографски квалитет и композиција. Нашиот пристап ги обединува бучавата, заматувањето и изложеноста евалуации, ги прилагодува естетските критериуми на различни жанрови и ги реконструира условите за снимање за подобрена анализа. Дизајниран за интеграција на работниот тек, обезбедува во реално време повратни информации, сериско убивање и едукативни алатки. Експерименталниот резултатите покажуваат супериорни перформанси: проценка на бучавата MAE 3,2%, откривање заматување 98% прецизност и состав анализа корелација r = 0,87. Студиите на корисниците покажуваат 35% ефикасност добивки во професионалните работни процеси и подобрување од 27% во вештини за составување на учениците. Додека предизвиците како што се културните пристрасност и компјутерски барања остануваат, ова

истражување лежи основата за фотографска евалуација управувана од вештачка интелигенција, премостување човечка експертиза и автоматизација.

Научно-истражувачката дејност на д-р Салкоски, дополнително е поткрепена со развојот на софтверски пакет за проект Паметно земјоделство - дигитална трансформација на земјоделството базирана на ИоТ", финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој (2023-2025) - (PLC софтверски пакет за сушење на жито базирано на ИоТ) како и за проект Дигитална трансформација водена од вештачка интелигенција во паметни производни системи", финансиран од Министерство за економија и труд (2024-2025)-PLC софтверски пакет за сушење на активни делови на енергетски објекти)

Во извештајниот период, кандидатот исто така рецензирал научни трудови за неколку журнали.

УЧЕСТВО ВО НАУЧНО-ИСТРАЖУВАЧКИ И СТРУЧНО-АПЛИКАТИВНИ (НАЦИОНАЛНИ И МЕЃУНАРОДНИ) ПРОЕКТИ

Кандидадот д-р Салкоски учествува на неколку национални и меѓународни научно/истражувачки и стручно/апликативни проекти, од кои се произлезени погоре наведените трудови. Во извештајниот период, кандидатот успешно работи на следните проекти:

- **Учествува како експерт за Програмабилни логички контролери на национален проект**

Проектот „Дигитална трансформација водена од AI во паметни системи за производство" Општа цел на проектот е да се развие хардвер и софтвер за дигитализација на сушење на житото. Како еден од најважните делови на производството, ова решение, засновано на IoT и AI технологии, овозможи дигитализација на сушење на жито во големи количини. ГОЛД ЛАНД ДОО е компанија која произведува и одгледува жита, мешункасти растенија и маслодајно семе. Сите главни работи ги врши работната сила на која треба да се дигитализира процесот на сушење. Главната цел на компанијата е да започне дигитализација на производствениот процес. Главните активности се фокусирани на дигиталната трансформација на сушење на поголеми количини на житарици. Оваа активност е поддржана од Smart Solutions, кои веќе развиваат ИКТ решенија потребни за спроведување на оваа дигитална трансформација заедно со тим експерти во областа на ИоТ, вештачка интелигенција и развој на софтвер и хардвер. Водечки партнер на проектот е Друштво за производство, трговија и услуги ГОЛД ЛАНД ДОО експорт - импорт, с. Требош Желино. Проектот е финансиран од Фондот за иновации и технолошки развој од Друштво за производство, трговија и услуги ГОЛД ЛАНД ДОО експорт - импорт, с. Требош Желино и партнерот СМАРТ СОЛУШНС ЛТД ДООЕЛ експорт-импорт.

- **Учествува како програмер за Програмабилни логички контролери на национален проект**

Проектот „Дигитална трансформација водена од AI во паметни системи за производство“ Општа цел на проектот е да се развие хардвер и софтвер за дигитализација на сушење на житото. Како еден од најважните делови на производството, ова решение, засновано на IoT и AI технологии, овозможи дигитализација на сушење на жито во големи количини.

Големото искуство во работата со машинско програмирање, програмирање на уреди и процесна опрема (PLC, HMI), програмирање на HMI и SCADA системи, поддршка при изработка на електро-документација, стартување и оптимизација на машини и линии во компанијата. Првата фаза со проучување на документацијата и изградени први варијанти на скалести дијаграми за управувањето со PLC контролери

- **Учествува како технички советник за Програмабилни логички контролери на национален проект**

